Стрип 3 – Март –
Помалку хемикалии за побезбедна средина

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions

# ТЕРА
## и борците за промени




ЗДРАВО БЛЕРИМ! ВРЕМЕ Е ЗА ПРОЛЕТНО ЧИСТЕЊЕ И МАЈКА МИ МЕ ЗАМОЛИ ДА Ѝ ПОМОГНАМ... ДАЛИ ЌЕ МИ СЕ ПРИДРУЖИШ?
ДА, НЕМА ПРОБЛЕМ! ШТО ЌЕ ПРАВИМЕ ПРВО?
АЈДЕ НА ПОЧЕТОК ДА ГИ ИСЧИСТИМЕ ПРОЗОРЦИТЕ
НЕ САКАМ ДА ГО КОРИСТАМ ОВА СРЕДСТВО ЗА СТАКЛО, ОД НЕГО МЕ ЧЕШААТ РАЦЕТЕ.
ЧЕШААА
Многу токсично
Средна опасност
Опасно за очите и лицето
ИМА МНОГУ ХЕМИКАЛИИ ВО СРЕДСТВАТА ЗА ЧИСТЕЊЕ
НАВИСТИНА?
ДА, ХЕМИКАЛИИТЕ СЕ КОРИСТАТ ПРИ ПРОИЗВОДСТВО НА ГОЛЕМ БРОЈ СРЕДСТВА ВО ДОМАЌИНСТВОТО
TOILET CLEANER
MR. CLEANER
НО, ХЕМИКАЛИИТЕ СЕ ШТЕТНИ ЗА НАС, ТАКА?
ДА, МОЖАТ ДА БИДАТ ШТЕТНИ. ОСОБЕНО АКО ДОЈДАТ ВО ДОПИР СО ТВОЈАТА КОЖА ИЛИ АКО ГИ КОРИСТИШ МНОГУ ЧЕСТО


МИ ТЕКНА! ЌЕ СТАВАМ РАКАВИЦИ
СУПЕР ИДЕЈА! ДОБРО Е ДА НОСИШ РАКАВИЦИ СЕКОГАШ КОГА КОРИСТИШ ХЕМИСКИ СРЕДСТВА
ЕВЕ УШТЕ ЕДЕН КОРИСЕН СОВЕТ! ДАЛИ ЗНАЕШ ДЕКА САМА МОЖЕШ ДА НАПРАВИШ СРЕДСТВА ЗА ЧИСТЕЊЕ КОИ ИМААТ МНОГУ МАЛКУ ИЛИ ВООПШТО НЕ СОДРЖАТ ХЕМИКАЛИИ?
МОЖАМ ДА НАПРАВАМ СРЕДСТВО ЗА ЧИСТЕЊЕ СТАКЛО СО ПОМАЛКУ ХЕМИКАЛИИ?
ДА, МНОГУ Е ЛЕСНО!
СТАВИ МАЛКУ ТОПЛА ВОДА, МАЛКУ СОК ОД ЦЕДЕН ЛИМОН
И 1/4 ШОЛЈА БЕЛ ОЦЕТ ВО ШИШЕНЦЕТО СО РАСПРСКУВАЧ
ЕЈ, ОВА Е ТОП! ПРОЗОРЦИТЕ СВЕТАТ
СЕГА ЌЕ Ѝ КАЖАМ НА МАЈКА МИ ЗА НАШИОТ МАЛ ЕКСПЕРИМЕНТ!
Малите промени може да направат големи разлики

# Совети за родителите

Како целото семејство да ја разбере штетноста од користењето хемиски средства во домот? Следете ги овие неколку едноставни чекори:

- **Бидете пример:** Покажете им ги на децата различните хемиски средства што се користат во домот. Може да искористите средства за чистење, за поправки во домот, производи за лична хигиена, козметика, па дури и прехранбени производи.
- **Креирајте свесност:** Објаснете им на децата дека некои хемиски средства се опасни за нивното здравје. Овие производи најчесто имаат симболи на задната страна на пакувањето кои предупредуваат дали се отровни, штетни за кожата, корозивни или запаливи.
- **Дискутирајте:** Зборувајте со децата за безбедно користење и чување на хемиските средства во домот. Кога ги користите, задолжително носете ракавици за чистење и следете го упатството за дозирањето. Ако имате бебе или помало дете, на поголемите деца објаснете им дека овие хемиски средства не смее да бидат на дофат на бебиња или помали деца.

**Еве интересна идеја како да го вклучите целото семејство во намалување на употребата на хемикалии. Истражете како да направите домашни средства за чистење кои се замена за класичните средства. Работете заедно и измешајте ги состојките во шише со распрснувач. Вклучете ги децата во пролетното чистење со домашните средства што ги направивте.**

# Забавна активност за најмладите

Обој ја оваа илустрација од семејство кое прави пролетно чистење на домот.



Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflect only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.